Врз основа на член 20 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, а согласно член 24 од Статутот, Собранието на Стопанската комора на Македонија на седницата одржана на 20.04.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за верификација на мандатот на ново-предложениот претставник од ЕВН Македонија за член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија

**Член 1**

Се верификува мандатот на ново-предложениот претставникот од ЕВН Македонија за член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, и тоа на:

- Г-дин Игор Гиевски, член на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје.

**Член 2**

Мандатот на новоизбраниот член во овој мандатен период трае до истекот на мандатот на сегашниот Управен одбор.

**Член 3**

Оваа Одлука се објавува на огласна табла во Комората во рок од три дена од нејзиното донесување и влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЕВН Македонија АД Скопје со допис бр. 02-10069/1 од 28.09.2011 година, ја извести Стопанската комора на Македонија дека на место на досегашниот претставник од ЕВН Македонија, г-дин Илија Спировски во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, за член на Управниот одбор на Комората го предлага г-дин Игор Гиевски.

Согласно член 24 став 6 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, членот на Управниот одбор на Комората може да го замени друго лице предложено од страна на фирмата чиј што претставник бил членот. Според член 24 став 8, Собранието на Комората го верификува мандатот на ново-предложениот член од страна на фирмата.

Бр.07-3479/6
15.12.2011 год.
С к о п ј е

Претседавач,
Антони Пешев